# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Четврток 11 Јануари 2018 година Број 1/2018 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 и 55 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за прогласување итност на 5-та седница на Советот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прогласување итност на 5-та седница на Советот на општина Радовиш, број 08 -46 /1, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 10.01.2018 год.

Бр. 09-46/3 Градоначалник на
11 Јануари 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2002) и член 55 од Деловникот за работа Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 10.01.2018 година, донесе

О Д Л У К А
За прогласување итност на 5-та седница
на Советот на општина Радовиш

Член 1
Со оваа Одлука се прогласува итност на 5-та седница на Советот на општина Радовиш одржана на 10.01.2017 година поради донесување одлуки за Ракометниот клуб Радовиш и донесува одлуки за одобрување итно средства за потребите на ЕЛС Радовиш..

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-46/2 Совет на општина Радовиш
10 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 53 став 2 од Деловникот за работа, Советот на општина Радовиш се дава образложение за итност на седница

Образложение
за итноста на седницата

Итноста на седницата е поради усогласување со меѓувреме настанати промени во законската регулатива со упис на назначените лица во Централен регистар на Република Македонија.

Задолжително е со барањето до Централен регистар да се достави нотарски акт, бидејќи програмот за упис не прифаќа било каква промена без број од нотарски акт .

За изготвување на нотарски акт има процедура. Нотарите при изготвување на нотарски акт работат со овластени претставници на акционерите па од тие причини потребно е да се назначи овластен претставник од советот на општината кој е основач и единствен акционер на ракометниот клуб „Радовиш„ од Радовиш.

Овластениот претставник треба да е член на Советот на општината.

Претходен овластен претставник беше Претседателот на советот на општина Радовиш.

Оваа седница е закажана како итна за да се добие во време во постапката за упис на новата управа во Централен регистар на Р. Македонија пред стартот на пролетната сезона.

Освен тоа на Полициска станица Радовиш традиционално се дава подарок за дежурството на 31.12.2017 година, истиот треба да се набави, а имаат потреба од компјутер.

За празникот Богојавление Христово-Водици општината дава подароги или парични награди на оние кои ќе го фатат крстот во Радовиш и низ населените места ,за што треба да се донесе одлука.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за назначување овластен претставник во Ракометен клуб „Радовиш„ а,д, Радовиш,

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за назначување овластен претстаник во Ракометен клуб „Радовиш„ а,д, Радовиш, број 08 -59/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 10.01.2018 год.

Бр. 09-59/2 Градоначалник на
11 Јануари 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2002), а во врска со член 9 од Одлуката за утврдување на интерес за основањеАкционерско друштво за вршење дејност спорт бр. 07-1587/1 од 22.08.2013 година и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 10.01.2018 година, донесе

О Д Л У К А
За назначување овластен претстаник во
Ракометен клуб „Радовиш" а,д, Радовиш

Член 1
Советот на општина Радовиш, како основач и единствен акционер, го назначува
***Ристо Спасов***
за овластен претставник од основачот во Ракометниот клуб „Радовиш" а.д Радовиш.

Член 2
Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи став 3 од член 9 од Одлуката бр, 07-1587/1 од 18.06.2013 година и Одлуката број 07 - 1720/1 од 05.09.2013 година

Член 3
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-59/1 Совет на општина Радовиш
10 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за ставање вон сила на одлуката број 08-1754/1 од 26.12.2017 г. за разрешување на членови на Одборот на директори на Друштво
за спортски дејности Ракометен клуб „Радовиш" а,д, Радовиш,

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за ставање вон сила на Одлуката број 08-1754/1 од 26.12.2017 год. за разрешување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејностиРакометен клуб „Радовиш" а,д, Радовиш, број 08 -61/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 10.01.2018 год.

Бр. 09-61/2 Градоначалник на
11 Јануари 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2001) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 10.01.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за ставање вон сила на одлуката број 08-1754/1 од 26.12.2017 год. за разрешување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности Ракометен клуб „Радовиш" а,д, Радовиш,

Член 1
Се става вон сила на одлуката број 08-1754/1 од 26.12.2017 година за разрешување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности Ракометен клуб „Радовиш" а,д, Радовиш.

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-61/1 Совет на општина Радовиш
10 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за ставање вон сила на одлуката број 08-1755/1 од 26.12.2017 г. за именување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности Ракометен клуб „Радовиш" а,д, Радовиш,

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за ставање вон сила на Одлуката број 08-1755/1 од 26.12.2017 год. за именување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности Ракометен клуб„Радовиш" а,д, Радовиш, број 08 -62/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 10.01.2018 год.

Бр. 09-62/2 Градоначалник на
11 Јануари 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2001) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 10.01.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за ставање вон сила на одлуката број 08-1755/1 од 26.12.2017 год. за именување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности Ракометен клуб „Радовиш" а,д, Радовиш,

Член 1
Се става вон сила на одлуката број 08-1755/1 од 26.12.2017 година за именување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности Ракометен клуб „Радовиш" а,д, Радовиш.

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 08-62/1 Совет на општина Радовиш
10 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а

во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за продолжување на важењето на Одлуката број 07-1722/1 од 05.09.2013 г. и нотарски акт ОДУ бр.101/14 изворник книга четврта

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за продолжување на важењето на Одлуката број 07-1722/1 од 26.12.2017 год., . и нотарски акт ОДУ бр.101/14 изворник книга четврта, број 08 -63/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 10.01.2018 год.

Бр. 09-63/2 Градоначалник на
11 Јануари 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2001) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш. Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 10.01.2018 година, донесе

О Д Л У К А
За продолжување на важењето на одлуката број 07-1722/1 од 05.-09.2013 година. и нотарски акт ОДУ бр.101/14 изворник книга четврта

Член 1
Продолжува важењето на Одлуката донесена од Советот на општината број 07-1722/1 од 05.09.2013 година како И измените со нотарски акт ОДУ бр.101/14 изворник книга четврта до завршувањето на постапката за избор и упис на новите членови на Одборот на директори на Друштвото за спортски дејности Ракометен клуб „Радовиш„ а.д. Радовиш во Централен регистар на Република Македонија.

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-63/1 Совет на општина Радовиш
10 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување на финансиски средства за ангажирање на регистрационен адвокат за упис на промени во Друштвото за спортски дејности Ракометен клуб„Радовиш„ а,д, Радовиш во Централен регистар на Република Македонија

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување на финансиски средства за ангажирање на регистрационен адвокат за упис на промени во Друштвото за спортски дејности Ракометен клуб „Радовиш„ а,д, Радовиш во Централен регистар на Република Македонија, број 08 -64/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 10.01.2018 год.

Бр. 09-64/2 Градоначалник на
11 Јануари 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2001) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 10.01.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства за ангажирање на регистрационен адвокат за упис на промени во Друштвото за спортски дејности Ракометен клуб„Радовиш„ а,д, Радовиш во Централен регистар на Република Македонија

Член 1
Се одобруваат финансиски средства за ангажирање на регистрационен адвокат за упис на промени во Одборот на директори на Друштвото за спортски дејности Ракометен клуб„Радовиш„ а,д, Радовиш во Централен регистар на Република Македонија.

Член 2
Ангажираниот регистрационен адвокат ќе биде избран во соодветна постапка на набавка за најниска цена за услугата.

Член 3
Одобрените средства за оваа намена се во висина до 30.000 денари, а ќе се исплатат од буџетот на општината доколку истите announcement неможат да бидат исплатени од сметката на РК„Радовиш„ а.д. Радовиш.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-64/1 Совет на општина Радовиш
10 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на компјутер за дежурните службени лица во Полициска станица од општа надлежност во Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на компјутер за дежурните службени лица во Полициска станица од општа надлежност во Радовиш,, број 08 -65/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на итна седница одржана на ден 10.01.2018 год.

Бр. 09-65/2 Градоначалник на
11 Јануари 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ број 5/2001) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 10.01.2018 година, донесе

ОДЛУКА
за одобрување на финансиски средства
за набавка на компјутер за дежурните службени лица
во Полициска станица од општа надлежност во
Радовиш

Член 1

Се одобруваат на финансиски средства во висина до 30.000 денари за набавка на компјутер за дежурните службени лица во Полициска станица од општа надлежност во Радовиш

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Образложение

Средствата се одобруваат поради тоа што градоначалникот на општина Радовиш традиционално доделува подароци на служби низ општината кои се дежурни на 31.12.2017 година дочек на Новата година.

Бр. 08-65/1 Совет на општина Радовиш
10 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување
на Одлуката за одобрување финансиски средства
за награди за верскиот празник Богојавление-Водици
2018 г.

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за одобрување финансиски средства за награди за верскиот празник Богојавление-Водици-2018 год., бр. 08-66/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 10.01.2018 год.

Бр. 09-66/2 Градоначалник на
11 Јануари 2018 г. Општина Радовиш
Радовиш Герасим Конзулов с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 15 став 1 од Статутот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 10.01.2018 година, донесе

ОДЛУКА
за одобрување финансиски средства
за награди за Богојавление-Водици во општина
Радовиш

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во висина до 90.000 денари за награди за празникот Богојавление-Водици 2018 година .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Образложение

За празникот Богојавление-Водици општината традиционално дава подароци или парични награди на оние лица кои ќе го фатат крстот. Наградите ќе бидат доделена како во Радовиш така и низ населените места во општината, каде се спроведува овој верски обичај. Од тие причини се донесе одлука како во изреката.

Бр. 08-66/1 Совет на општина Радовиш
10 Јануари 2018 г. Претседател
Радовиш Коле Чаракчиев с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за прогласување итност на 5-та седница на Советот на општина Радовиш ------------------------------------------------------------------------------ 1
О Д Л У К А За прогласување итност на 5-та седница на Советот на општина Радовиш ---------------------------------------------------------------- 1
Образложение за итноста на седницата ----------------------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за назначување овластен претставник во Ракометен клуб „Радовиш„ а.д, Радовиш ------------------------------------------------------------------------- 1
ОДЛУКА За назначување овластен претстаник во Ракометен клуб „Радовиш„ а.д, Радовиш --------------------------------------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за ставање вон сила на одлуката број 08-1754/1 од 26.12.2017 г. за разрешување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности Ракометен клуб „Радовиш„ а.д, Радовиш, -------------------- 2
ОДЛУКА за ставање вон сила на одлуката број 08-1754/1 од 26.12.2017 год. за разрешување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности Ракометен клуб „Радовиш„ а.д, Радовиш, ------------------------------------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за ставање вон сила на одлуката број 08-1755/1 од 26.12.2017 г. за именување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности Ракометен клуб „Радовиш„ а.д, Радовиш, -------------------------------- 2
ОДЛУКА за ставање вон сила на одлуката број 08-1755/1 од 26.12.2017 год. за именување на членови на Одборот на директори на Друштво за спортски дејности Ракометен клуб „Радовиш„ а.д, Радовиш, ------------------------------------------------------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за продолжување на важењето на Одлуката број 07-1722/1 од 05.09.2013 г. и нотарски акт ОДУ бр.101/14 изворник книга четврта3
ОДЛУКА За продолжување на важењето на одлуката број 07-1722/1 од 05.09.2013 година. и нотарски акт ОДУ бр.101/14 изворник книга четврта ------------------------------------------------------------------------ 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за ангажирање на регистрационен адвокат за упис на промени во Друштвото за спортски дејности Ракометен клуб„Радовиш„ а.д, Радовиш во Централен регистар на Република Македонија ------------------------- 3
ОДЛУКА за одобрување на финансиски средства за ангажирање на регистрационен адвокат за упис на промени во Друштвото за спортски дејности Ракометен клуб„Радовиш„ а.д, Радовиш во Централен регистар на Република Македонија ------------------------- 3
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за набавка на компјутер за дежурните службени лица во Полициска станица од општа надлежност во Радовиш ---------------------------------------------------------- 3
ОДЛУКА за одобрување на финансиски средства за набавка на компјутер за дежурните службени лица во Полициска станица од општа надлежност во Радовиш ----------------------------------------------- 4
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за награди за верскиот празник Богојавление-Водици 2018 г. ------------------------------------------------- 4
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства за награди за Богојавление-Водици во општина Радовиш ------------------------------- 4